РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 29-518/1
18.02 2021 год.
КРИВА ПАЛАНКА


# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

www.krivapalanka.gov.mk


## ЈАВЕН ОГЛАС
**за формирање на Партиципативното тело**
**кое ќе учествува во процесот на урбанистичко планирање**
**во Општина Крива Паланка**

Општина Крива Паланка во процесот на урбанистичко планирање во согласнот со член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ" бр.32/20), распишува јавен оглас за лица потребни за формирање на Партиципативно тело кое се формира од доброволно пријавени лица кои се преставници на невладини организации, здруженија на граѓани, граѓански активисти од подрачјето на општината, како и граѓани кои се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и други стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот.

Партиципативното тело ги преставува сите различни интереси и интересни групи во локалната зедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање на иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија.

Пријавените лица на јавниот оглас за Партиципативно тело е на доброволна основа со учество во Партиципативно тело кое заседава најмалку еднаш во два месеци и има консултативна улога во постапката за изработка и донесување на урбанистички планови.

Начинот на работа и бројот на членови на Партиципативно тело се утврдува во деловникот на Партиципативно тело што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа.

Бројот на граѓанските членови на Партиципативно тело што ќе се пријават на доброволна основа не е ограничен.

Јавниот оглас е објавен на веб страна на единицата на локалната самоуправа и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена.

Заинтересираните лица можат да се пријават во Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина преку архива во општината.

**Општина Крива Паланка**
**Градоначалник**
**Борјанчо Мицевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА